EASPD
IMPROVING SERVICES
IMPROVING LIVES

ГЛАСИЛО
Декември 2009

Европскиот парламент и потребите на обезбедувачите на социјални и здравствени сервисни служби за лица со попреченост во Европа: По 2009

Вовед од Miriana Giraldi, Службеник за политика, EASPD

Социјалните и здравствените сервисни служби се растечки сектор во Европа, и според условите за економски раст и според креирањето на работни места. Во многу региони на Европската унија, секторот за социјални сервисни служби е најбрзо растечки, и овој тренд само може да се очекува да продолжи поради сé постарото население во Европа. Одејќи нанапред, сé поголем број на граѓани од Европската унија ќе имаат потреба од социјална и здравствена грижа. Денес, социјалните сервисни служби за лица со попреченост вработуваат 8 милиони персонал во Европа, и се проценува дека има уште 8 милиони лица кои работат како неформали даватели на грижа. Придонесот од овој сектор за Лисабонските цели не треба да се потценува, поради уникатната врска помеѓу креирањето работни места, социјалната кохезија и инклузија.

Поради тоа што Европскиот совет ги претставува државите членки на министерско ниво, членовите на Европската комисија се назначени од националните влади, иако ги застапуваат заедничките интереси на Унијата, Европскиот парламент е единствената европска институција која директно се избира на европски мандат од страна на граѓаните на Европската унија. Сепак, и покрај напорите од страна на Европскиот парламент да го "премости јазот" помеѓу Европа и нејзините граѓани, и неговата улога во обезбедувањето демократизација на главните европски институции, излезноста за изборите во Европскиот парламент постојано се намалува од првите директни избори одржани во 1979 година.

Со ова гласило EASPD се обидува да ја донесе Европската унија поблиску до нејзините граѓани и да го надмине "демократскиот дефицит" од кој се вели дека таа страда. Со околу 60 до 80% од законите усвоени во рамките на државите членки кои водат корени од правилата усогласени на ниво на Европската унија, важноста на изборите за Европскиот парламент не можат доволно да се истакнат. Во изминатите месеци, EASPD разговараше со сите политички групи од Европскиот парламент за да ги разбере нивните приоритети за изборите во однос на сите прашања кои се релевантни за попреченоста и за секторите за обезбедување на социјални сервисни служби.

Интервју со новиот претседател на EASPD, Franz Wolfmayr, водено од Miriana Giraldi, службеник за политика во EASPD

"Главниот приоритет", рече г-дин Wolfmayr, "е подобрувањето на квалитетот на сервисните служби низ цела Европа, кои треба да се воведат во модерен стандард низ Унијата, и да бидат расположливи и пристапни за сите граѓани. Постои јасна потреба за појаснување во европските политики во ова поле, и ние би сакале ЕУ да ја обезбеди потребната законска рамка за заштита на особеностите на нашиот сектор. Понатаму, обезбедувачите на сервисни служби сакаат да ги видат Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и нејзиниот Опцијален протокол ратификувани и имплементирани од сите држави членки, за да може таа да стане стварност во континентот".

"Друг предизвик со кој треба да се справиме без одложување е демографската промена на нашето општество: од една страна, европското население старее и како последица на тоа, сé поголем број на лица ќе

Franz Wolfmayr (Австрија) е основач и генерален менџер на Chance B. Во Септември 2008 година е избран за претседател на EASPD

Содржина

Вовед.....1
Интервју со г-дин Wolfmayr.....1
ALDE група.....2
Партија на Европските луѓе и Европски демократи.....4
Зелените/EFA.....5
Европска обединета левица/Нордиска зелена левица.....7
Самостојност/Демократија група во Европскиот парламент.....8
Социјалистичка група.....9
Унија за Европа на нациите.....11
Заклучоци.....12

Дадените информации во гласилото се засновани на интервјуа спроведени со, или информации испратени од членови на Европскиот парламент или секретаријатите на политичките пратии.
EASPD е политички неутрална организација која не поддржува нити една посебна политичка партија.

Политичките партии се претставени по азбучен редослед

стекнат попреченост и ќе имаат потреба од поддршка, без разлика што неопходната инфраструктура сé уште не е воведена. Од друга страна, лицата со попреченост исто така стареат, и ќе треба да обезбедиме сервисни служби и помош за лицата со попреченост на подолго време", објасни Franz Wolfmayr. "Европскиот парламент може во ова да има фундаментална улога преку промовирање на законодавство кое ќе помогне во справувањето со овие прашања на позитивен начин."

Г-дин Wolfmayr како приоритет на ЕП (европски парламент) за следниот мандат ја истакна потребата од носење на јасни политички одлуки, како што се ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. Членовите на парламентот треба исто така да притискаат за политички подобрувања во социјалното поле, и да ги направат фондовите расположливи за воведување на такви промени и нивно пренесување во практиката на европско ниво. Навистина, расположливоста, пристапноста и достапноста со цена на сервисните служби се сé уште прашања кои носат предизвици.

Понатаму, сé уште претстои одговорна дискусија на темата за внатрешен пазар и последователно на тоа, за социјални и здравствени сервисни служби од општ интерес (SHSGI). "Имаме чувство дека прашањето за SHSGI сé уште не е добро разбрано од страна на европските институции. Прашањата, како на пример, социјална сигурност и еднакви можности се се мошне значајни за нашиот сектор и секое законодавство кое влијае во ова поле треба да ги земе в предвид особеностите на обезбедувачите на социјални и здравствени сервисни служби. Поради тоа, би сакале да видиме волја за заштита на особеностите на нашиот сектор, за да може тој и понатаму да се развива и да напредува", коментираше тој. "Тоа опфаќа изводлива Директива за работно време, која нема да влијае негативно врз квалитетот на сервисните служби што се обезбедуваат за лицата."

Лицата со попреченост, како и нивните роднини се сé уште во потешка ситуација отколку другите лица во Европа. Обезбедувачите на сервисни служби можат да бидат од огромна помош бидејќи тие можат да ги донесат лицата со попреченост и лицата во неповолна ситуација поблиску до пазарот на трудот и да им понудат поддршка за тие да станат самостојни и да учествуваат во активен живот. Тоа, очигледно, ќе биде можно само ако постои силна мрежа на обезбедувачи на сервисни служби која добро функционира.

Обезбедувачите на социјални сервисни служби, за жал, можат да посведочат за фактот дека лицата во неповолна ситуација се сé уште жртви на повеќекратни облици на дискриминација. Поради тоа е од голема важност да се пресликаат начелата запишани во Конвенцијата на ОН во европското законодавство. "Можеме да бараме силна Директива за анти-дискриминација, заснована на Конвенцијата, но која оди и над неа, со цел јасно да се вклучи правото на поддршка". Тој продолжи со објаснување дека "исто така треба да се интересираме за анти-дискриминацијата за лица кои големи потреби од грижа, навистина сега треба да се преземат специфични мерки за да им се помогне да бидат дел од општеството и да го живеат својот живот во целост. Вработувањето и дискриминацијата на работното место, кои се поврзани со нивоата на приход и со можноста за лицата со попреченост да пристапат до работни места со висок квалитет, треба да бидат уште една клучна загриженост за европскиот парламент."

Miriana Giraldi, службеник за политика во ЕАСПД

***ALDE групата** е составена од избрани членови на Парламентот од различни политички партии од државите членки на Европската унија. Овие национални делегации имаат сопствени политички и културни вредности, но заеднички соработуваат во Европскиот парламент како Алијанса на либерали и демократи за Европа. Тие споделуваат општи вредности и општа визија за Европа*

ALDE група

Дали лицата со попреченост се опфатени во приотитетите на ALDE групата за 2009-2014 година?

Да. Еден пример за оваа обврска кон лицата со попреченост е фактот дека ALDE групата водеше повици во Европскиот парламент за новиот предлог за анти-дискриминација. Првичниот извештај на Liz Lynne (член на парламентот), беше суштински во обезбедувањето на поддршката од Комисијата за предлог. ALDE групата сега го води официјалниот одговор на Европскиот парламент за Директивата и ќе продолжи да притиска за усвојување на изводливо законодавство од страна на Советот на министри како прв приоритет.

Како планира ALDE да придонесе за ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост?

ALDE членовите од Европскиот парламент лансираа пишана декларација во Европскиот парламент со која ги повикуваат сите држави членки на ЕУ да ја потпишат и да ја имплементираат Конвенцијата на ОН и нејзиниот Опцијален протокол оваа година. Понатаму, ALDE членовите постојано поднесуваа амандмани на извештаи и ги вклучија сопствените првични извештаи за повици за државите да ја потпишат и да ја ратификуваат Конвенцијата и нејзиниот Опцијален протокол. Групата верува дека Европскиот парламент има витална улога во вршењето притисок врз

државите членки на Европската унија за потпишување и ратификување на Конвенцијата и нејзиниот Опцијален протокол.

Какви иницијативи ќе преземе ALDE групата за да ги подобри животите на лицата со попреченост во Европа?

ALDE ќе продолжи да работи со цел да се обезбеди усвојувањето и имплементацијата на Директивата за вработување од 2000 година и сега предложената Директива за еднаков третман надвор од вработувањето. Групата исто така ќе продолжи со вклучување на сите прашања кои се од бенефит за лица со попреченост во редовните текови на политиките и законодавството, и ќе продолжи со работа на оддалечување од медицинскиот модел за попреченост, а во исто време почитување за вистинските потреби за рехабилитација за секое лице, со гледиште за воспоставување на социјален модел и пристап заснован на права кој ќе се заснова на и ќе ги промовира начелата за еднаквост и, еднаквост пред законот и еднакви можности, или на пристап заснован на соодветни права. ALDE исто така ќе продолжи со кампања за осигурување дека секоја новоизградена инфраструктура со средства од ЕУ е пристапна за лицата со попреченост.

Други приоритети на групата се зајакнување на Директивата 2001/85/ЕС на Европскиот парламент и на Советот, која ги проширува правата за патниците со попреченост кои користат автобуси, со цел Директивата да биде во согласност со сегашното законодавство на Европската комисија за правата на авионските патници со попреченост и исто така ја поддржува и ја поттикнува Комисијата да ги прошири истите законски права на лицата со попреченост поврзано со сите видови на транспорт со текот на времето.

ALDE ќе продолжи со кампања за подобрена пристапност до информациска и комуникациска технологија, да се промени фактот дека над 80% од јавните веб страници, вклучувајќи ги и оние на европските институции, се генерално непристапни за лицата со попреченост. Слично на тоа, групата ќе продолжи со кампања за да обезбеди дека целата документација изготвена од европските институции е секогаш на располагање во пристапни формати.

ALDE ќе продолжи со акции за зголемено вклучување на лицата со попреченост во програмите финансирани од ЕУ, на пример, "Култура", "Доживотно учење", "Млади во акција", "МЕДИА 2007" и "Европа за граѓански програми".

ALDE ќе продолжи со акции за развојот на широка дефиниција за попреченоста на ниво на ЕУ за да обезбеди дека сите лица со попреченост се во рамките на надлежностите на законодавството на ЕУ, за подобрено признавање на повеќекратната дискриминација и да се потенцираат прашањата од ментално здравје, а особено потребата од дестигматизација на лицата кои имаат проблеми со менталното здравје.

ALDE ќе продолжи да го покренува прашањето за насилство врз лицата со попреченост кои се често жртви на ментално и физичко насилство, како и сексуално насилство. ALDE ќе продолжи да обезбедува дека Комисијата во доволен степен размислува за човековите права на лицата со попреченост при оценување на усогласеноста со Критериумите од Копенхаген во рамките на процесот на проширување на ЕУ.

Дали ALDE групата е за Европски стандарди за квалитет во обезбедувањето на социјални и здравствени сервисни служби?

ALDE во моментот верува дека надлежностите на државите членки во оваа област треба да се заштитат. Сепак, тоа не ја исклучува потребата од притискање од страна на ЕУ институциите за посистематски размени на најдобри практики помеѓу државите членки на ЕУ во обезбедувањето на социјални (и здравствени) сервисни служби.

Г-ѓа Liz Lynn, член на парламентот (Велика Британија) е член на Комитетот за вработување и социјални работи и Заменик Претседател на Интергрупата за попреченост при Европскиот парламент. Оваа година таа претстави сопствен првичен извештај за напредокот постигнат во еднаквите мож-ности и недискриминацијата во ЕУ (транспозицијата на Директивите 2000/43ЕС и 2000/78/ЕС).

Каква е позицијата на Вашата партија во однос на прашањата поврзани со вработувањето за лицата кои работат во социјалниот и здравствениот сектор?

ALDE верува дека прашањата околу платата се прашања за државите членки и тоа треба да остане така иако постои простор за многу подобра размена на најдобри практики за да се обезбеди пристоен минимален приход за сите граѓани на ЕУ. ALDE силно ги поддржува програмите за доживотно учење финансирани од ЕУ и ќе продолжи да го право тоа.

Какви можни акции гледа ALDE за изнаоѓање на решение за недостигот на персонал во секторот за обезбедување социјални и здравствени сервисни служби?

ALDE ќе продолжи да притиска за програми за доживотно учење на ниво на ЕУ за да се обезбеди дека персоналот кој работи во социјалните и здравствените сектори има пристап до овие можности, како и за подобра размена на најдобри практики помеѓу државите членки на ЕУ во обезбедувањето на социјални и здравствени сервисни служби. Исто така ќе продолжи да притиска за подобра рамнотежа на работниот живот и да ги поттикнува државите членки да обезбедуваат подобри работни услови за работниците во социјалниот и здравствениот сектор.

Зошто треба да гласаат за Вас лицата кои работат во секторот за социјални и здравствени сервисни служби од општ интерес?

ALDE групата има направено многу повеќе од било кој за подобрување на правата за лицата со попреченост и има уште многу да се направи за правата на лицата кои работат за обезбедување на сервисни служби за лицата со попреченост.

Д-р Milan Cabrnoch член на парламентот (Чешка Република) е доктор по медицина. Во Европскиот парламент тој е член на Комитетот за вработување и социјални работи, меѓу останатото.

Кое е Вашето мислење за Стратегијата на Комисијата за работна рамка за квалитет во социјалните и здравствените сервисни служби од општ интерес?

Генерално, јас верувам дека надлежностите на државите членки треба да се заштитуваат. Улогата на европските институции е да се изнајдат и да се дефинираат општи стандарди за да овозможи споделување на информации и да се осигура истото основно ниво на сервисни служби низ целата Европска унија. Мислам дека предлогот на Комисијата за Директива во однос на примената на правата на пациентите од други држави во однос на здравствена грижа е добар пример на законодавство кое може навистина да помогне во обезбедувањето сервисни служби за сите граѓани на ЕУ.

Зошто лицата кои работат во секторот за социјални и здравствени сервисни служби од општ интерес треба да гласаат за Вас?

Мојата партија во Чешката Република има одлично мото за солидарност: "Солидарност на одговорност". Тоа значи дека ние ја нагласуваме одговорноста, ние сме против губитокот на јавните пари, против давањето јавни пари на лица кои немаат вистинска потреба од поддршка. Насочената поддршка е решението.

Европска народна партија и Европски Демократи

Какво место имаат лицата со попреченост во изборната програма на EPP-ED за 2009-2014 година?

EPP-ED групата вели дека Европскиот социјален фонд е идеален инструмент кој поспецифично може да се грижи за лицата со попреченост. Сепак, потребни се адекватни законски услови за да се оспособат лицата со попреченост да водат самостоен и самоопределен живот во дополнение на финансиската поддршка за нивната интеграција на работното место. По ратификацијата на Лисабонскиот договор, Европската унија во иднина ќе биде опремена со неопходните инструменти за да може да постигне модел на социјална пазарна економија. Социјалниот, хоризонтален пристап во Лисабонскиот договор ја гарантира еднаквата положба на пазарната економија и социјалната политика. Особено, членот 9 од Лисабонскиот договор и членот 12 од Повелбата за основни права и овозможува на Европската унија да има поголема одговорност за барањата на лицата со попреченост.

Според предлозите на Комисијата кои се во постапка, а се однесуваат на здравствениот сектор, Групата исто така ќе ги земе предвид барањата на лицата со попреченост за да види како здравствениот систем може да се грижи за нив.

Кое е мислењето на EPP-ED за Стратегијата на Комисијата за работна рамка за квалитет во социјалните сервисни служби од општ интерес?

Со цел да се постигне активно учество во градењето на општеството, потребен ни е сеопфатен пристап и на Европско ниво и на национално ниво, и не треба да се задоволиме само со секторски пристапи. Сеопфатниот пристап, исто така, ја опфаќа и финансиската поддршка за социјалните сервисни служби која е тулата на нашето европско општество.

Дали EPP-ED има други предлози поврзани со секторот за обезбедување социјални и здравствени сервисни служби?

Во подобрувањето на пристапот до социјални сервисни служби и гарантирањето висок квалитет, вклучувајќи и расположливост и достапност со цена, еден од клучните приоритети е во извојувањето победа во битката против социјалното исклучување. Тоа ќе биде успешно само ако националните, регионалните и локалните актери се обврзат за имплементирање на донесени стратегии и развивање решенија во рамките на отворениот метод на координација, со поддршка во облик на финансиски ресурси од програмата Прогрес.

Не заборавајте да гласате!

Изборите за Европскиот парламент *ќе се одржат во 27-те држави членки помеѓу* ***4 и 7 јуни 2009 година****. Тоа ќе бидат првите избори за Европскиот парлемент на кои во исто време ќе учествуваат и Бугарија и Романија како и другите држави членки. Тие се приклучија во 2007 година, зголемувајќи го* ***вкупниот број на членови на парламентот*** *над согласниот праг; местата се прераспределени за да се дојде до* ***736*** *по изборите во 2009 година; Лисабонскиот договор го поставува вкупниот број на 751*

Извор: Wikipedia

Г-ѓа Panayotopoulos-Cassiotou, член на парламентот (Грција) е член на неколку парламентарни Комитети, на Комитетот за женски права и родова еднаквост, на Комитетот за петиции и на Комитетот за вработување и социјални работи при Европскиот парламент

Кои се приоритетите на Вашата група поврзани со попреченоста и секторот за обезбедување социјални сервисни служби за следниот мандат?

Приоритетите на нашата група поврзани со секторот за попреченост за изборите кои доаѓаат се продолжување на работата заснована на резултати од истражувања за да се олесни подобрувањето на животните услови за лицата со попреченост. Сегашното законодавство во овој поглед е веќе многу подобро од пред неколку години, но сепак, неопходно е да се осигура дека соодветно се применува.

На европско ниво, важно е да се постават правила за да се обезбеди дека лицата со попреченост можат да уживаат во животот на еднаква основа со другите. На национално и на локално ниво, исто така ќе биде потребно да се обезбеди дека има праведен пристап до сите сервисни служби.

Нашите приоритети поврзани со социјалните сервисни служби се многу јасни, со оглед на нивната централна улога во обезбедувањето социјална кохезија: сите граѓани мора да имаат пристап до сите сервисни служби кои им се потребни, и не треба да има било каква разлика во пристапот или квалитетот на сервисните служби кои се добиваат врз основа на приходи.

Кое е мислењето на EPP-ED за Стратегијата на Комисијата за работна рамка за квалитет на социјалните сервисни служби од општ интерес?

Постојат големи разлики кај државите членки на ЕУ во однос на социјалните сервисни служби, а државите членки не можат да бидат обврзани да го следат стриктното законодавство на ЕУ во ова поле. Она што е важно, сепак, е да се обезбеди дека се исполнуваат одредени стандарди во сите земји без, во исто време, да се наметнуваат општи правила. Потребите не се исти насекаде, а и особеностите и традициите се исто така различни. Тоа, воедно, е причина зошто не треба да се приватизираат сите сервисни служби: приватизацијата може да предизвика големи тешкотии за оние региони кои не се многу "интересни" од стриктно економска гледна точка.

Која е позицијата на Вашата партија за прашањата поврзани со вработувањето за лицата кои работат во секторот за обезбедување на социјални и здравствени сервисни служби?

Минималните приходи се прашање од национална надлежност. Она што можеме да го бараме на ниво на ЕУ е висок квалитет на живот и пристојна работа. За лицата кои работат во секторите за социјална и здравствена грижа, работните услови, сигурноста на работното место и здравствената грижа се многу важни прашања. Постои европска програма која промовира доживотно учење и тоа треба да биде можност која е отворена и за тој персонал.

*Во сегашниот законодавен дом, **EPP-ED** групата е најголемата партија во Европскиот парламент. Членови на оваа група се Христијански Демократи, Конзервативци, како и други главном центарски и центар-десничарски партии од 27 држави членки*

Зелените/Европска слободна алијанса (EFA)

Кое место го имаат лицата со попреченост во изборната програма на зелените за 2009-2014?

Манифестот на Европската зелена партија ќе содржи значајни заложби за улогата на еднаквост на можности и мерки за анти-дискриминација. Исто така, ќе бидат присутни и прашањата околу пристапноста.

Како Зелените/EFA планираат да придонесат за ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост?

Зелените постојано ја поддржуваат ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата. Пишаната декларација на Европскиот парламент за ова прашање беше иницирана од член на зелената група. (Jean Lambert, UK).

Како Зелените ќе ја заштитуваат особеноста на секторот за обезбедување социјални и здравствени сервисни служби во однос на ЕУ јавните набавки, внатрешниот пазар и правилата за државна помош?

Зелените продолжуваат да ја поддржуваат Директивата која ги покрива социјалните и здравствените сервисни служби со цел да се обезбеди

Зелените/Европска слободна алијанса е европска парламентарна група составена од Зелени и претставници на "регионалисти". Создадена е во јули 1999 година од волјата на две одделни и прогресивни европски политички семејства за соработка во Европскиот парламент.

Г-ѓа Jean Lambert, член на парламент (Велика Британија) работи со одреден број Комитети, интергрупи и делегации во Европскиот парламент. Меѓу другото, таа е полноправен член на Комитетот за вработување и социјални работи и член на Интергрупата за попреченост.

Што може да стори Европскиот парламент за да ја промовира ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на ОН?
Европскиот парламент дефинитивно има улога која треба да ја одигра во промовирањето на ратификацијата на Конвенцијата. Парламентот може посебно да работи на прашањето во однос на она што можат државите членки да сторат за промовирање на имплементацијата на Конвенцијата, особено преку Интергрупата за попреченост, на начин на кој ќе се вклучат сите партии. Многу важен чекор кој, исто така, треба да се преземе е да се рефлектира на импликациите од сторената работа на ниво на ЕУ за посиромашните земји во светот, да се разбере што може да се стори за лицата со попреченост надвор од нејзините граници, на пример, преку договори за соработка со земјите од третиот свет.

Кое е Вашето мислење за Стратегијата на Комисијата за работна рамка за квалитет на социјалните и здравствените сервисни служби од општ интерес?
Зелените генерално стануваат нервозни за идејата да се бара од Комисијата да се вклучи и да напише какви треба да се стандардите за политика. Постојат многу различни практики во различни држави членки, различни култури и навики и лицата можат да очекуваат многу различни нешта во однос на тоа какви сервисни служби треба да постојат. Димензијата на квалитет е многу важна, како што е и правото на добивање информации во пристапни формати и транспарентност на информациите.

Кое е мислењето на Вашата партија за прашањата поврзани со вработувањето за лицата кои работат во секторот за социјална и здравствена грижа?
Ова е област за која Зелените се заинтересирани бидејќи, генерално говорејќи, лицата вработени во овој сектор имаат мали примања и структурите се многу родово пристрасни. Групата веќе се обиде да промовира пристојна плата за пристојна работа, и води кампања за лицата да добиваат соодветна обука на работното место. Оваа работа треба да се гледа како ценета работа со соодветни структури околу неа.

Во однос на работниците-иселеници кои се активни во секторот за грижа, Зелените мислат дека треба да постојат соодветни структури за поддршка како за нивен бенефит, така и за бенефит за лицата за кои тие се грижат, имајќи предвид дека и двете групи се ранливи групи на граѓани.

Кои се размислувањата на Вашата партија за предлогот за Директива за анти-дискриминација?
За жал, постојат проблеми во постигнување едногласност во Советот, но и во Парламентот, поради, меѓу другите нешта, усвоениот хоризонтален пристап. Размислувајќи посебно за попреченоста, неопходно е да се даде фокус на тоа како таа се пресретнува со другите области на дискриминација. Институциите сé уште ќе треба да имаат добра дебата за овој предлог и да разберат колку допира до различните национални системи во однос на обезбедувањето социјална сигурност.

Зошто би требало да гласаат за Вас лицата кои работат во секторот за социјални и здравствени сервисни служби?
Бидејќи Зелените имаат искрена заложба за овие прашања, и се фокусираат на тоа како граѓаните мислат дека Европската унија треба да биде и како ја обезбедува социјалната правда, како и нејзината срединска димензија. Партијата напорно работи во полето на здравствени и социјални сервисни служби и за она што може да се стори за тој сектор.

поголема законска сигурност во однос на набавките. Ние докажувавме дека овие сектори не треба да се покриени според правилата на општиот пазар, туку треба да се признае нивната посебна цел, особено во работа со потенцијално ранливи поединци или во случај каде општите избори на корисниците не можат да се направат.

Зелените/EFA заземаа јасна позиција за заштита на социјалните и здравствените сервисни служби од злоупотреблива интерпретација на членовите од Договорот на ЕК за внатрешен пазар и правилата за државна помош. Пред се, треба да постои генерално начело применливо за сите сервисни служби од општ интерес (вклучувајќи ги, се разбира, и социјалните и здравствените сервисни служби), т.е. дека во сите случаи, општиот интерес треба да преовладува над правилата за конкуренција.

Во однос на социјалните и здравствените сервисни служби, значаен дел од нив се јасно од не-економска природа и поради тоа треба да бидат целосно исклучени од примената на правилата од Договорот. Токму поради ова ние се боревме за исклучување на социјалните и здравствените сервисни служби од делокругот на Директивата за сервисни служби.

За оние социјални и здравствени сервисни служби кои се во сивата зона помеѓу економски и не-економски активности, ние бараме појаснување на законската ситуација преку Директива која би ја признала особеноста на овие сервисни служби, и поради тоа правото за јавните власти, во согласност со начелото на изборност, да организираат и да финансираат вакви сервисни служби на начин кој тие сакаат. Исто така, веруваме дека не е соодветно да се одделуваат социјалните и здравствените сервисни служби.

Кои можни акции ги гледа групата за изнаоѓање решение за недостигот од персонал кои во моментот постои во некои земји во секторот за обезбедување на социјални и здравствени сервисни служби?
Зелените укажуваат на пристојна плата, добра обука и поголемо социјално вреднување на оваа работа, која во најголем дел ја вршат жени. Ова би се применувало за работници од било која националност бидејќи Зелените веруваат во еднаквост при третманот. Ние поддржуваме поотворена политика за имиграција која признава дека сите нивоа на вештини се потребни во ЕУ. Исто така, ние го поддржуваме обезбедувањето на обука и поддршка за персоналот.

Г-ѓа Ilda Figueiredo, член на парламент (Португалија) е Заменик Заседавач на Комитетот за вработување и социјални работи и член на неколку Комитети, меѓу кои и Комитетот за правата на жените и родова еднаквост при Европскиот парламент.

***Приоритетите** за групата GUE/NGL **за следниот мандат** ќе бидат одобрување на предлогот за Директива и резолуции кои ги разгледуваат сите права на лицата со попреченост, давајќи целосна согласност за скорешната Конвенција на Обединетите нации за правата на лица со попреченост.*

*Во однос на **социјалните и здравствените сервисни служби за грижа**, неопходно е државите членки да ги гарантираат правата на лицата со попреченост и на нивните семејства, особено во случај на тешка попреченост. Мора да осигураме дека тие имаат пристап до квалитетни јавни сервисни служби, особено во областите од здравство, образование, сместување и социјална сигурност, до вработување со права и транспорт. Принципот на солидарност, преку поголема финансиска поддршка од Европската унија е исто така важен.*

Г-ѓа Figueiredo, понатаму, смета дека квалитетните јавни сервисни служби се неопходни за осигурување на правата на лицата со попреченост. Европскиот парламент мора да го брани овој принцип и да не прифаќа дека правилата за конкуренција се применуваат општо и за јавните сервисни служби поради важноста на сервисните служби во борбата против сиромаштијата и гаранција за исполнување на човековите права. Во овој поглед, надлежностите на државите членки во областа на социјалните и здравствените сервисни служби од општ интерес мора да за заштитуваат за да се гарантираат универзални, бесплатни и квалитетни јавни здравствени сервисни служби.
*Она што се однесува за **прашања поврзани со вработување** за лицата кои работат во секторите за социјална и здравствена грижа, GUE/NGL групата го брани принципот на правото на секој граѓанин на достоен живот, што опфаќа право на соодветен договор за вработување, минимален приход, пристап до сите јавни сервисни служби, доживотно образование, јавна и универзална социјална сигурност. Европскиот парламент може да поддржи мерки кои помагаат за исполнување на овие цели.*

***Зошто да се гласа за GUE/NGL групата?** Поради предлозите што тие ги даваат и нивната борба за одбрана, исполнување и промовирање на социјалните и економските права на најранливите членови на општеството.*

GUE/NGL групата во Европскиот парламент е конфедерална група каде секоја составна партија го задржува сопствениот идентитет и политики додека прави напори за барање на заеднички политички цели. Таа е составена од членови на парламентот од седумнаесет политички партии во тринаесет европски земји, вклучувајќи и од новите држави членки.

EUROPEAN UNITED LEFT
NORDIC GREEN LEFT
EUROPEAN PARLIAMENTARY GROUP

Забелешка: EASPD не доби одговор од Европската обединета левица/Нордиска зелена левица на прашалникот испратен со цел да се разгледаат приоритетите на партијата за прашања поврзани со попреченоста и обезбедувањето социјални сервисни служби за следниот мандат во Европскиот парламент.

Дали знаевте?

*Триесет години на европски избори преку директно универзално право на глас – **кратка историја на изборите за Европскиот парламент:***

- ***10 септември 1952**: Прво заседание на консултативното собрание на Европските заедници составено од претставници на националните парламенти од 6-те земји основачи. Тоа немаше законодавна моќ.*
- ***Јуни 1979**: Први директни избори (излезност 63%).*
- ***1984**: ЕС 10 одржува избори (излезност 61%).*
- ***1989**: ЕС 10 одржува избори (излезност 58,5%).*
- ***1994**: ЕУ 12 одржува избори (излезност 56,8%).*
- ***1999**: ЕУ 15 одржува избори (излезност 49,8%).*
- ***2004**: ЕУ 25 одржува избори (излезност 45,6%).*
- ***Јуни 2009**: ЕУ 27 одржува избори.*

IND/DEM е коалиција на групите Самостојност и Демократија. Постојат 5 принципи во однос на споделената заложба на групата за демократија, но сепак, по сите други прашања членовите се согласни дека нема да се согласуваат, па поради тоа не постои официјална позиција на партијата за, на пример, попреченоста.

Самостојност / Демократија група

Г-ѓа Kathy Sinnot, член на парламентот (Ирска) е Заменик Заседавач со Комитетот за петиции и член на Комитетот за вработување и социјални работи при Европскиот парламент. Во рамките на IND/DEM групата, таа е признаена како член кој има особен интерес во областа на попреченоста.

Кои се приоритетите на Вашата група во однос на попреченоста и секторите за обезбедување на сервисни служби за следниот мандат?

Како политички самостојна мојата политика од самиот почеток беше постигнување на сите права за лицата со попреченост. Моите приоритети во однос на обезбедувачите на социјални сервисни служби се во областа на соодветна обука, правична плата, здравје и безбедност, преносливост на квалификации и права. Исто така, делувам за признавање и поддршка на неплатените семејни згрижувачи и основав група со особен интерес за згрижување и згрижувачи во Европскиот парламент.

Кое е Вашето мислење за законодавството во однос на социјалните и здравствените сервисни служби од општ интерес и Стратегијата на Комисијата за работна рамка за квалитет за социјалните и здравствените сервисни служби од општ интерес?

Во однос на обезбедувањето социјални и здравствени сервисни служби, мислам дека Комисијата не ја цени полноважноста на јавно финансираните сервисни служби при гарантирање и овозможување на потребните сервисни служби за лицата со попреченост и други ранливи групи на граѓани. Зголемувањето на приватизацијата е проблематично кога се проширува на виталните сервисни служби.

Која е позицијата на Вашата партија за прашањата поврзани со вработувањето за лицата кои работат во секторот за социјална и здравствена грижа?

Во рамките на IND/DEM не постои официјална политика надвор од централното прашање за демократија, па поради тоа, јас ќе го препорачувам робусниот минимален стандард на ЕУ (без употреба на присилен третман, без дискриминација, без институционализација на деца и стратегија за деинституционализација општо, еднакви можности за сите, инклузија) со фокус и поттикнување на достоинството на секое лице, и вреднување на работата што ја вршат оние кои му служат на лицето, особено платените и неплатените згрижувачи. Потребата за сервисни служби за грижа постојано расте и доколку не сме подготвени да инвестираме во поддршка и правична плата за сите згрижувачи, ние нанесуваме неправда која на крајот ги зафаќа и згрижувачите и згрижените, и исто така, и се заканува на ЕУ со тежок недостиг на лица кои се во можност да обезбедат грижа.

Кои се вашите размислувања за Предлогот за анти-дискриминација?

Директива специфична за попреченоста и возраста треба во подобра мера да ги опфати потребите на лицата со попреченост. Останува да се види дали потребите на лице со попреченост или лице кое страда од попреченост поради возраста ќе се задоволат во доволна мера со оваа Директива за анти-дискриминација.

Таква широка Директива за анти-дискриминација е во опасност од ослабнување и јас очекувам да се направат компромиси на различни прашања, вклучувајќи ја и попреченоста. И понатаму би поддржувала специфична Директива за попреченост и возраст која најсоодветно би одговарала на особеностите на секоја група која има потреба од посебна поддршка или која искусува дискриминација.

Зошто лицата кои работат во секторот за социјални и здравствени сервисни служби од општ интерес би требало да гласаат за Вас?

Јас сум Заменик Претседател на Интергрупата за попреченост и воедно ја иницирав групата со особен интерес за згрижување и згрижувачи во парламентот. Поради тоа, мојата работна програма за 2009-2014, доколку се вратам, е да продолжам со фокусот на попреченоста и прашањата поврзани со здравството. Ако лицата гласаат за мене, тие ќе имаат некој кој не само што ќе ги поддржува овие прашања, туку некој кој активно ќе ги промовира истите.

Која е позицијата на PES групата за Стратегијата на Европската комисија за работна рамка за квалитет за социјалните сервисни служби од општ интерес?
PES групата долго време бара општа работна рамка за Директива за заштита на јавните сервисни служби. Тие треба да се заштитат на ниво на ЕУ со оглед на нивните разлики со другите комерцијални сервисни служби. PES состави работна група која вклучува експерти и членови на парламентот од PES групата, кои изготвија сопствен предлог. PES , исто така, силно ги поддржуваше секторските Директиви за заштита на социјалните и здравствените сервисни служби и го иницираше првиот Форум на социјални сервисни служби од општ интерес со цел да ги соедини социјалните организации и европските донесувачи на одлуки.

Кои можни акции ги гледа PES за изнаоѓање решение за недостигот на персонал во секторот за обезбедување социјални и здравствени сервисни служби?
Постои зголемена потреба за квалификуван персонал. Секторот за здравствена грижа е сложен и се состои од разноличност на голем број различни професионални лица. Околу 10% од работниците во ЕУ се вработени во здравствениот и социјалниот сектор. Тоа го прави здравствениот сектор еден од најголемите сектори за вработување во Европа. PES групата верува дека сé поголемиот недостиг на работници во здравствениот сектор е прашање од особена загриженост. Мора да го направиме атрактивен за персоналот да работи во секторите за социјална и здравствена грижа преку превртување на оваа негативна спирала на високи стапки на изостаноци од работа, здравствени проблеми поврзани со работата, рано пензионирање, долго работно време и севкупните лоши работни услови. PES групата напорно работи да ја стопира трката кон дното кога станува збор за ниски плати, лоши работни услови и бескрајните договори за работа на краток период.

Во 1993 година, **Европската Директива за работно време** постави максимално неделно работно време, минимални дневни и неделни периоди за одмор, минимално годишно отсуство и максимална должина на ноќно работно време. Сепак, искуството оттогаш покажува широко распространета злоупотреба на "клаузулите за откажување" од Директивата од страна на работодавците. PES групата верува дека "работно време на повик" - кога вработеното лице мора да биде на располагање на работното место – треба да се дефинира како работно време според условите на Директивата. Надоместено време за одмор мора да биде на располагање веднаш по работниот период. Тоа ќе има директен ефект на работниците во социјалните и здравствените сервисни служби.

Во истата линија, PES групата успеа да го одбрани правата на работниците во парламентот. Групата наоѓа дека зголемувањето на атипични и несигурни договори е алармантно.

Што смета PES дека треба да биде главна содржина во резулуцијата на ЕП за активна инклузија?
Прво, PES групата верува дека мора да постои подобра врска за подобар пристап до квалитетни сервисни служби: пристапноста, достапноста во цена и квалитетот на потребните сервисни служби – социјални сервисни служби, сервисни служби од општ (економски) интерес – мора да се зајакнат со цел да се промовира социјална кохезија, да се гарантираат основните права и да се обезбеди пристојна егзистенција, особено за ранливите и во неповолна ситуација групи во општеството. Во дополнение, политиките за активна инклузија мора да обезбедат промоција на

Г-ѓаAnne Van Lancker, член на парламентот (Белгија) е член на неколку Комитети при Европскиот парламент, меѓу кои, Комитетот за правата на жените и родова еднаквост и Комитетот за социјални работи.

*Социјалистичката група е за добра **работна директива за зачувување на социјалните сервисни служби** од конкуренција и правила на внатрешниот пазар, и за заштита на нивната првична мисија на социјална кохезија, обезбедување можности и солидарност помеѓу лицата. Групата презентираше работен предлог за сервисни служби од општ интерес, но тие мислат дека во рамките на овој предлог треба да постои и специфичен, секторски пристап за здравствените и социјалните сервисни служби за грижа.*

*Групата, има намера да бара **Европски статут за взаемни компании и асоцијации** – што не е лесна задача поради многу широкиот спектар на организации кои постојат во ЕУ, а што го отежнува изнаоѓањето на една алатка на европско ниво која ќе ги опфати сите нив. Сепак, лицата мора да разберат дека постои средина помеѓу чисто солидарно засновани системи и чисто комерцијални системи. Накусо, ЕУ не треба да ги хармонизира социјалните сервисни служби нити социјално економските организации, туку треба да обезбеди адекватна работна рамка во која овие организации можат да делуваат без страв од непочитување на правилата за конкуренција, правилата за државна помош итн.*

*Во однос на **прашањата за вработување за персоналот кој е активен во секторот за грижа**, кога се оценуваше стратегијата за вработување на ЕУ во светло на лисабонската стратегија, стана јасно дека не го носи тоа што требаше и дека не е доволно инклузивна. Трите столба на стратегијата за Активна инклузија треба повторно да се формулират, за да можат лицата со попреченост да имаат реална можност на пазарот на трудот. Со цел ова да стане реалност, тие мора да бидат во можност целосно да им веруваат на социјалните сервисни служби и на поддршката што можат да ја добијат од нив.*

*Социјалистичката група се надева дека **процесот на отворениот метод на координација за квалитет на социјалните сервисни служби** ќе помогне бидејќи ќе покаже дека нити општеството нити лицата кои добиваат поддршка имаат помош од сервисни служби со низок квалитет и персонал на слабо платени работни места. Комисијата неодамна лансираше преглед на родовиот јаз во општеството и пазарот на трудот и бидејќи најголемиот дел од персоналот се жени и заработуваат мали плати, постои надеж дека тоа ќе даде поттик за владите да инвестираат во квалитетот на социјалните сервисни служби и во работните услови за персоналот.*

Социјалистичката група во Европскиот парламент е втора по големина партија низ ЕУ. Формирана е од социјални демократи членови на парламентот од 23 држави членки.

родова еднаквост и да придонесат за елиминација на сите облици на дискриминација. Добро управување, учество и интеграција на сите релевантни актери мора да се промовира преку директно вклучување на оние кои се зафатени со сиромашија и социјално исклучување и нееднаквост и на национално и на европско ниво. Исто така, сметаме дека сиромаштијата во вработувањето мора да биде соодветно опфатена и дека платата општо, а особено минималната стапка на плата мора да ја спречи сиромаштијата во било кој случај и да осигура пристоен стандард на живеење. Понатаму, шемите кои обезбедуваат минимални стапки на плата мора да бидат надополнети со мерки кои ја поддржуваат социјалната инклузија, на пример, за домување, образование, обука, повторна обука и доживотно учење, како и шеми за поддршка на приход, за да се покријат трошоците за поединците и домаќинствата.

Групата ги повикува Советот и Комисијата да вдахнат нова сила за јасен стратешки фокус на искоренувањето на сиромаштијата и промоцијата на социјална инклузија во контекст на Социјалната агенда 2008 до 2012 година; за појасна заложба во рамките на следниот циклус на Отворениот метод на координација за социјална заштита и социјална инклузија, на нова, динаминча и ефективна Стратегија на ЕУ која би поставила значајни цели и ефективни инструменти и механизми за следење фокусирани на борбата против сиромаштијата, социјалното исклучување и нееднаквоста.

Г-дин Richard Howitt, член на парламентот (Велика Британија) е Заменик Заседавач на Подкомитетот за човекови права и член на неколку Комитети при Европскиот парламент, меѓу кои, Комитетот за вработување и социјални работи. Тој е, исто така, Претседател на Интергрупата за попреченост при Европскиот парламент.

*Предлогот за **Директива за анти-дискриминација**, вклучувајќи сеопфатни права за лицата со попреченост, останува еден од најголемите приоритети за Социјалистичката група. Со години водевме кампања за добивање на овој предлог, и постојат големи надежи дека ќе донесе целосни права, вклучувајќи пристап до добра и сервисни служби, за да можат лицата со попреченост да имаат сеопфатен пристап за сите аспекти од нивниот живот. Добра Директива за оваа област би била големо постигнување.*

***Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост** е сега реалност поради сета работа на лицата кои притискаа за неа, меѓу другите, членовите на парламентот социјалисти. Социјалистите, членови на парламентот се сега активни во водење кампања за ратификација и имплементација на Конвенцијата низ цела Европа, вклучувајќи го и Опцијалниот протокол.*

*PES е посветена на **законска рамка за јавни сервисни служби** која би вклучила законски барања за квалитет и пристап. Групата ќе продолжи да се залага за силни и во изобилие сервисни служби, за пристап до тие сервисни служби за сите и за индивидуализација со цел специфичните потреби на секој корисник да може да се задоволат на адекватен начин. Понатаму, изборот и контролата од страна на лицето со попреченост за сервисните служби каде тој/таа е корисник не треба да се со предрасуди од страна на законодавството на ЕУ.*

*Многу од загриженостите во оваа област потекнуваат **од правилата за јавни набавки** – Социјалистите членови на парламентот побараа ревизија на Директивата за јавни набавки со цел владите да имаат слобода подобро да ги инкорпорираат социјалните размислувања во нивните процедури за тендери и да имаат подетален дијалог со договарачите за исполнување на овие социјални цели. Тие, исто така, ќе повикуваат на подобра имплементација на правилата кои се обезбедени на ниво на ЕУ, а кои не се добро познати и не се користат во голема мера.*

PES води кампања за повисоки нивоа на јавно трошење, употребени рентабилно, за обезбедување на социјалните цели на социјалната инклузија, еднакви можности и почит за човековите права. Ќе ги користи сите расположливи можности на ниво на ЕУ за да се испита неуспехот во унапредување на социјалната инккузија и да ги повика државите членки да го исполнат јазот и да ги задоволат тие потреби и да користат расположливи ресурси за да се обидат и да ги постигнат социјалните цели, на пример, преку Социјалниот фонд.

***Зошто да се гласа за Социјалистичката група во Европскиот парламент?** Социјалистите ќе ги застапуваат правата на лицата кои се маргинализирани и кои се наоѓаат во неповолна ситуација во општеството, ќе им овозможат глас и ќе го слушаат тој глас и ќе обезбедат конкретни промени на ниво на ЕУ за подобрување на нивните животи, преку, на пример, повисоко ниво на трошоци за повисок квалитет на сервисни служби. Светот се менува, економската глобализација и се заканува на планетата и Социјалистите сакаат да одговорат на глобализацијата преку воспоставување на социјални права, напоредно со приоритетите за пазарот, трговијата и бизнисот.*

Унија за Европа на нациите (UEN)

Г-ѓа Ewa Tomaszewska, член на парламентот (Полска) е член на неколку парламентарни комитети, како на пример, Комитетот за вработување и социјални работи и Комитетот за образование и култура при Европскиот парламент.

Кои се приоритетите на Вашата група поврзани со секторот за попреченост и за обезбедувачите на социјални сервисни служби?

Приоритетите на UEN поврзани со секторот за попреченост е да се изнајдат решенија за проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост во секојдневниот живот за да можат да ги практикуваат нивните граѓански и човекови права и да бидат активни членови на општеството како и секој друг граѓанин на ЕУ.

Кое е вашето мислење за законодавството за социјалните и здравствените сервисни служби и за јавните набавки?

Европскиот парламент е активен во координацијата на секторот за социјално осигурување и системите за здравствена грижа. Сепак, треба да запомниме дека овие сектори се во надлежност на националните влади. Националните системи се премногу различни и премногу сложени за да бидат усогласени, и ние мислиме дека овие прашања треба да се решаваат на национално ниво. Во секоја земја наоѓаме различни проблеми и различни постигнувања, па поради тоа треба да се заштитуваат надлежностите на државите членки.

Која е позицијата на Вашата партија за прашањата поврзани со вработувањето за лицата кои работат во секторот за социјална и здравствена грижа?

Важно е да се дефинира минималниот приход во однос со другите мерки, како што тоа го стори Советот на Европа во Европската социјална повелба (не на номинален начин). Ние ги поддржуваме сите акции кои се наменети да помогнат за доживотно учење насочено кон подигнување на можностите за вработените на пазарот на трудот. Особено лицата кои стекнуваат попреченост како возрасни треба да имаат можност да избираат нови патишата за кариера. Нашата група, исто така, го поддржува слободното движење на работниците за да се зголемат можностите за наоѓање работа за оние лица кои не се вработени во нивната земја.

Која е позицијата на Вашата политичка група за неодамнешната Препорака на Комисијата за Активна инклузија?

Ние ја поддржуваме Активната инклузија на лицата кои се исклучени од општеството. За да се постигне оваа цел, ние ја поддржуваме имплементацијата на основните права, како на пример, промоција на еднакви можности за сите. Исто така, ја нагласуваме потребата за релевантен пристап до различни видови на попреченост како и потребата да се земат предвид локалните и регионалните услови во однос на територијалната кохезија. Треба да се бориме против сиромаштијата и нејзиното интергенерациско пренесување. Во однос на Активната инклузија, исто така е важно да се поддржува интергенерациската солидарност и почитта за принципот на недискриминација. Најважно од се е потребата да се превенира случувањето на социјално исклучување. Во однос на лицата со попреченост, треба да обезбедиме тие да имаат пристап до здравствени сервисни служби, рехабилитација и образование.

Зошто лицата кои работат во секторот за социјални и здравствени сервисни служби од општ интерес би требало да гласаат за Вас?

Ние ги почитуваме личните и граѓанските права. Секое лице треба да ја има можноста слободно да ги практикува. Лицата со попреченост треба да имаат пристап до гласачката кутија како и сите други. Слично на тоа, едноставен пристап до јавните објекти, како на пример, продавници, треба да е гарантиран за да можат лицата со попреченост да ги практикуваат нивните права како потрошувачи. На училиште, сите деца се ученици со право да учат. Целта е иста, само начинот на постигнување може да биде различен. Исто така, ние го поддржуваме почитувањето на правата на вработените лица, особено правото на безбедна работа.

Унијата за Европа на нациите го поддржува позитивниот развој на Европската унија. Оваа група е составена од членови на парламентот од 6 земји кои претставуваат 10 различни национални партии.

Забелешка: EASPD не доби одговор од Европската обединета левица/Нордиска зелена левица на прашалникот испратен за да се разгледаат приоритетите на партијата за прашањата поврзани со попреченоста и обезбедувањето на социјални сервисни служби за следниот мандат во Европскиот парламент.

Заклучоци

Од Luk Zelderloo, Генерален секретар на EASPD и Miriana Giraldi, службеник за политика во EASPD

Што сака EASPD да види на врвот на политичката агенда во следните 5 години: нашите клучни барања:

- Континуиран фокус на **расположливост, пристапност** и **достапност со цена** на социјалните и здравствените сервисни служби за сите лица на кои тие им се потребни. Треба да се обрне внимание на листи за чекање и изборот треба да се гарантира;
- **Фокус на законодавство** во однос на социјални и здравствени сервисни служби од општ интерес, за да се обезбеди дека особеностите на секторот се заштитуваат, и дека правилата за пазарот не преовладуваат врз квалитетот на сервисните служби;
- **Силна Директива за анти-дискриминација** вклучувајќи ги сите основи на дискриминација, и посебно поглавје за попреченост, изградена врз основа на Конвенцијата на ОН, која јасно ќе го искажува правото на поддршка.
- **Обновување на правилата за јавни набавки**, со цел соодветно да се вклучат социјалните размислувања и прашањата за квалитет во процедурите за тендер;
- **Одговорни процедури за набавки** за социјалните сервисни служби со цел да не се изложува на ризик квалитетот, иновацијата и пристапноста на сервисните служби од буџетските разгледувања;
- Кампањи за **ратификација** и **имплементација** на **Конвенцијата на ОН** за правата на лица со попреченост и нејзиниот Опцијален протокол од страна на сите држави членки на ЕУ;
- **Промоција на принципи за квалитет** за социјални и здравствени сервисни служби од општ интерес, вклучувајќи ги потребните **предуслови за квалитет**: јасна законска рамка, одржливо финансирање, расположливост на добро обучен персонал, добри услови за работа за персоналот, добро воспоставена соработка на носителите на акции;
- Понатамошен **развој на јасна законска рамка** која ја олеснува миграцијата на работниците: разбирање на потребите на нашето општество со цел да можеме подобро да се подготвиме за прифаќање на работници-иселеници кои ќе ги исполнат празнините во пазарите на трудот во ЕУ, истовремено нудејќи им соодветни права и работни можности;
- Градење мостови помеѓу **стареењето и попреченоста** за соодветно справување со демографските промени;
- Подобро насочено и следено **структурно финансирање**, засновано на Конвенцијата на ОН;
- **Расположливост на информации** и документи во лесно читлив формат и други **пристапни формати** за да можат сите граѓани на ЕУ да имаат соодветен пристап до информации.

Би сакале да знаете повеќе?

Целите текстови на интервјуата со пратениците и политичките партии се достапни во делот за политика на веб-страната на ЕАСПД: www.easpd.eu

Контактирајте со службеникот за политика
Miriana Giraldi - EASPD
Oudergemselaan/ Av. D'Auderghem 63
B – 1040 Brussels
T + 32 2 282 46 11
F + 32 2 230 72 33
miriana.giraldi@easpd.eu

Станете член на групата за влијание врз политиките на EASPD!

Оваа публикација е спонзорирана од Прогрес Програмата на Европската Комисија, Одделението за вработување, социјални работи и еднакви можности. Ги одразува мислењата само на авторот, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во оваа публикација.